Министерство за правда на Република Северна Македонија

Уп1 бр.19-2983/2023

## ЗАПИСНИК ЗА УВИД

### За барање за информација од јавен карактер

Согласно чл.24 ст.2 од Законот за слободен пристап до информација од јавен карактер според која имателот на информацијата е должен да да му овозможи увид на начин што барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината соджина, на ден 06.12.2023 беше закажан увид за во 12.00. Присутни беа барателот Александра Денковска Гоцевска, Ивана Настевска како и: службеното лице за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од Министерството за правда Марина Пуреовска Цветковски, министерот за правда Кренар Лога, заменик министерот за правда Викторија Аврамовска Мадиќ, државниот секретар Мухамед Точи. На тој датум не се направи увидот и се закажа за на 11.12.2023 година во 13.00 часот во Кабинетот на заменик министерот за правда за што од Министерството за првада на писмено беше испратен допис до барателот на електронската пошта.

Закажаниот увид се изврши на 11.12.2023 година во Кабинетот на заменик министерот за правда по барањето за слободен пристап за информација од јавен карактер за предмет Уп1 бр. 19-2983/2023 на кој беа присутни: барателот Александра Денковска Гоцевска, Ивана Настевска, службеното лице за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер од Министерството за правда Марина Пуреовска Цветковски, заменик министерот за правда Викторија Аврамовска Мадиќ, државниот секретар Мухамед Точи, како и лица од двата Кабинети и од сектор за правосудство. Барателот на увидот побара фотокопии од документите кои ги посочија и за кои се вршеше увид но не им беа дадени веднаш после увидот, за кое беа упатени дека се работи за повеќе страни и дека мора да се наплатат согласно Законот за административни такси ("Службен весник на Република Македонија" бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08,130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15 и 23/16).

Барањето за информација од јавен карактер Уп1 бр. 19-2983/2023 е поднесено од барателот Александра Денковска Гоцевска за увид во целосната документација (белешки, записници, мислења, анализи, предлози, иницијативи) за подготовката на Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон во периодот од 1.5.2023 до 5.9.2023 година.

Записникот е заверен, печатиран и направен во 2 примерока: еден за барателот и еден за Министерството за правда, од кои еден примерок му е даден на рака на барателот Александра Денковска Гоцевска.

Записникот е потпишан од службеното лице при Министерството за правда и барателот.

Барател

Службено лице

Датум: 11.12.2023 год, Скопје